Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

# ОТВОРЕНА ПОСТАПКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ – ИЗГРАДБА НА 6 (ШЕСТ) ПЛИВАЧКИ БАЗЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ СПРОВЕДУВА ПРЕКУ ЕСЈН И ЗАВРШУВА СО Е-АУКЦИЈА

Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка на работи врз основа на економски најповолна понуда која се утврдува врз основа на:

**- најниска цена**

***Скопје, Ноември, 2019***

Врз основа на член 50 и 81 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19), подготвена е:

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
За отворена постапка за набавка на работи за изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија

Тендерската документација содржи:


1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ........................................................................................ 3
2. УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ..........................................................................................12
3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ......................................................................................................................... 17
4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДАТА ................................................ 18
5. ЈАВНО ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ ............................................ 22
6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА........................................... 23
7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ............. 25
8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА......................................................................... 27
9. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ......................................................................................................................... 27
10. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ................................................................................ 28
Прилог 1 – Модел на договор........................................................................................ 29
Прилог 2 –Образец на понуда ........................................................................................ 50
Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата …………………………………………………..53
Прилог 4- Образец листа на доверливи информации..................................................54
Прилог 5- Листата на главни извршени услуги...........................................................55


**I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ**

**1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

**1.1 Дефиниции**

**1.1.1** Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Договор за јавна набавка“ е договор склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи чиј предмет е снабдување стоки, обезбедување услуги или изведување градежни работи;

2. „Постапка за јавна набавка“ е постапка што ја спроведуваат еден или повеќе договорни органи, чија цел или дејство е купување или стекнување стоки, услуги или работи;

3. „Договор за јавна набавка на стоки“ е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката. Договорот за јавна набавка на стоки може да вклучува и услуги за нивно поставување и вградување;

4. „Договор за јавна набавка на услуги“ е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освен оние од точка 5 на овој став;
5. „Договор за јавна набавка на работи“ е договор за јавна набавка чиј предмет е:
а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе
градежни активности;
б) изведување градба или проектирање и изведување градба и
в) реализација на градба со какви било средства, според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;
6. „Економски оператор“ е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи;
7. „Понудувач“ е економски оператор кој поднел понуда;
8. „Кандидат“ е економски оператор кој бара да учествува или е поканет да учествува во ограничена постапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, постапка со преговарање без објавување оглас, конкурентен дијалог или во партнерство за иновации;
9. „Подизведувач“ е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба;
10. „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;
11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;
12. „Несоодветна понуда“ е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени;
13. „Несоодветна пријава за учество“ е пријава за учество поднесена од кандидат кој треба да се исклучи бидејќи не ги исполнува условите за утврдување способност во постапката;
14. „Централизирани набавни активности“ се активности што се извршуваат континуирано во еден од следниве облици:
а) набавка на стоки и услуги наменети за повеќе договорни органи или
б) доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи наменети за повеќе договорни органи;
15. „Помошни набавни активности“ се активности за поддршка на договорниот орган при вршење на неговите набавки, особено во следниве форми:
а) техничка инфраструктура која на договорниот орган му овозможува доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи и/или
б) советување во врска со осмислувањето или спроведувањето на постапките за јавни набавки;
16. „Централно тело за набавки“ е договорен орган кој врши централизирани набавни активности и помошни набавни активности;
17. „Единствен документ за докажување на способноста“ е документ што го издава Централниот регистар на Република Македонија и што содржи податоци со кои се докажуваат елементи од способноста на економскиот оператор;
18. „Писмено“ или „во писмена форма“ е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;
19. „Електронско средство“ е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;
20. „Животен век“ се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи ги потребните истражување и развој, производство, трговија согласно со условите, превоз, користење и одржување во текот на постоењето на производот или градбата или обезбедувањето на услугата, од стекнување на суровината или генерирање на ресурсите до расходување, уништување или завршување на услугата или употребата;
21. „Конкурс за избор на идејно решение“ е постапка која му овозможува на договорниот орган, главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, да добие план или проект, кој ќе го избере жири комисија по распишување конкурс со или без доделување награди;

22. „Иновација“ е имплементација на нов или значително подобрен производ, услуга или процес, вклучувајќи ги процесите на производство и изградба, нов метод на пласман на пазарот или нов метод на организација во деловната пракса, организација на работното место или организација на надворешните односи, со цел да се помогне во решавањето на општествените предизвици;
23. „Ознака“ е секој документ, уверение или потврда што потврдува дека стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките ги исполнуваат утврдените барања;
24. „Услови за добивање ознака“ се услови кои стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките мора да ги исполнуваат за да добијат одредена ознака;
25. „Класичен јавен сектор“ е јавниот сектор кој не е опфатен со секторските дејности;
26. „Секторски дејности“ се дејности од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот и поштенските услуги, кои се опфатени во членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од Законот за јавните набавки;
27. „Технички спецификации“ се:
а) во случај на јавна набавка на работи, збир на технички прописи содржани во тендерската документација со кои се дефинирани потребните карактеристики на материјалите, производите или стоките за да одговараат на употребата што му е потребна на договорниот орган; тие карактеристики вклучуваат влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и постапките за обезбедување квалитет, терминологијата, симболите, методите на тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на градбата; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила од проектот и правила зампроцена на трошоците, услови за тестирање, за инспекција и за прием на изведените работи, градежните методи или техники, како и сите други технички услови што договорниот орган има право да ги пропише во согласност со општите и посебните прописи во врска со градбата и вклучените материјали или деловите и
б) во случај на јавна набавка на стоки или услуги, спецификација со која се дефинираат карактеристиките на производот или услугата, како што се ниво на квалитет, влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, користење на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и релевантните барања за производот во однос на називот под кој се продава, терминологијата, симболите, тестирањата и методите за тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како иинструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниотвек на стоките или услугите, како и постапки за оценување на сообразноста;
28. „Стандард“ е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признаено тело со кој, заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уредност во определено подрачје, и тоа:
а) „меѓународен стандард“ е стандард усвоен од меѓународна организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста,
б) „европски стандард“ е стандард усвоен од европска организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста и
в) „национален стандард“ е стандард усвоен од национално тело за стандардизација и е достапен на јавноста;
29. „Техничка референца“ е секој документ кој не е европски или национален стандард, а е издаден од национално или европско тело за стандардизација, кој е во согласност со постапки прилагодени на потребите на пазарот;
30. „Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;
31. „Електронски пазар на набавки од мала вредност“ е електронска платформа во вид на електронски каталог со која управува Бирото за јавни набавки и која се користи за набавки од мала вредност согласно со условите од овој закон;
32. „Динамичен систем за набавки“ е систем кој се воспоставува како целосно електронски процес отворен во текот на целото времетраење за сите економски оператори што ги исполнуваат критериумите за утврдување способност, а кој се користи за вообичаени набавки кои се општо достапни на пазарот и кои ги исполнуваат потребите на договорниот орган;
33. „Еквивалентно“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;
34. „Пазарна цена“ е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично;
35. „Заеднички поимник за јавни набавки - CPV (во натамошниот текст: ЗПЈН)“ е единствен класификациски систем на номенклатури на стоки, услуги и работи што се применува во постапките за јавни набавки и кој обезбедува еднообразност со останатите постојни номенклатури за стоки, услуги и работи;

36. „Рамковна спогодба“ е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените количини;
37. „Одговорно лице кај договорниот орган“ е функционер кој раководи со државен орган, градоначалник на единицата на локалната самоуправа или директор на правно лице;
38. „Посебно или ексклузивно право“ е право доделено од надлежен орган врз основа на закон, подзаконски пропис или акт на управата, со кое се ограничува вршењето секторски дејности на еден или повеќе субјекти и кое значително влијае врз можноста други субјекти да вршат такви дејности;
39. „Државни органи“ се органите на државната управа и органите на законодавната и судска власт;
40. „Електронски каталог“ е организирана описна листа на стоки или услуги што ги нудат економските оператори преку ЕСЈН;
41. „Тело за оценка на сообразност“ е тело кое извршува дејности за утврдување сообразност, вклучително и калибрирање, тестирање, сертифицирање и инспекција, акредитирано согласно со материјалните прописи и
42. „Алтернативна понуда“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.

**1.2 Договорен орган**

1.2.1 Договорен орган е **АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ** со седиште на адреса: Ул„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје, телефон 02/ 3119-628, електронска пошта contact@ams.gov.mk, интернет адреса: www.ams.gov.mk.

1.2.2. Лице за контакт кај договорниот орган е **Гордана Цекова**, телефон 02/ 3119-628, електронска пошта gordanacekova@yahoo.com.

**1.3. Предмет на договорот за јавна набавка**

1.3..1 Предмет на договорот за јавна набавка се работи за изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија.

1.3.2. Предметот на договорот е делив на делови како што е дефинирано во техничките спецификации. Понудувачот може да даде понуда за еден, повеќе или за сите делови од предметот на договорот за јавна набавка. Понудувачот не може да ги дели составните елементи на поединечниот дел. За секој поединечен дел од предметот на договорот ќе се спроведе посебна електронска аукција преку електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk). Предмет на секоја аукција ќе биде вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ за секој дел од предметот на договорот за јавна набавка.

1.3.3. Деталeн опис на предметот на набавката е даден во техничките спецификации и предмерот на работи составен дел на тендерската документација.

1.3.4. Место на изведување на работите : Република Северна Македонија. ( општина Штип, Битола, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Тетово и Кичево).

1.3.5 Договорот за јавната набавка ќе биде со времетраење од 4 (четири) месеци од денот на потпишувањето.

**1.4 Вид на постапка за доделување на договор за јавна набавка**

1.4.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на отворена постапка, која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

1.4.2 Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

1.4.3 Подетални информации за користењето на електронски средства: За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате квалификуван сертификат за електронски потпис (дигитален сертификат). Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на Електронскиот систем за јавни набавки ќе најдете во ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ (Службен весник на РМ, бр. 64 од 28.3.2019 година).

1.4.4 Подетални информации за електронската аукција: Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во отворената постапка. Предмет на аукцијата е вкупната цена изразена во апсолутен износ на делот/предметот на договорот за јавна набавка, односно најниската цена од сите понуди што претходно се евалуирани и прифатени за учество на електронската аукција. Поканите за учество на аукцијата ќе се доставаат во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.

**Поканата за учество на електронската аукција се испраќа истовремено и до корисникот кој ја поднел понудата на ЕСЈН и до регистрираната адреса на е-пошта на економскиот оператор.**

Почетната цена за негативното наддавање се генерира на ЕСЈН врз основа на првично поднесените цени од прифатливите понуди.

За време на електронската аукција, доколку тековната цена на електронската аукција се изедначи или спушти под утврдените минимални и максимални прагови кои се дадени од страна на договорниот орган, учесниците можат да вршат намалувања надвор од минималните и максимални прагови.

Во секоја фаза од аукцијата сите понудувачи имаат пристап до сите информации кои ќе им овозможат во секое време да го утврдат нивниот ранг.

Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди; датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени); како и тековниот ранг на понудувачот направен врз основа на првично поднесената цена.

Доколку е поднесена само една понуда или само една прифатлива понуда, првично понудената цена ќе се смета за конечна.

**1.5 Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

1.5.1 Оваа постапка ќе заврши со доделување на договор за јавна набавка, односно нема да се користи посебниот начин за доделување на договорот со рамковна спогодба.

1.5.2 Оваа постапка ќе заврши со спроведување на електронска аукција.

1.5.3. Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција и на критериумите за избор на најповолна понуда.

**1.6 Применливи прописи**

1.6.1 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки, објавен во („Службен весник на РМ“ бр.24 од 01.02.2019), и донесените подзаконски акти.

1.6.2 При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа, Законот за градење, важечките прописи за просторно и урбанистичко планирање и други прописи кои се релевантни за предметот на договорот. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа)

1.6.3 Договорниот орган прифаќа електронски потписи согласно со прописите што ја уредуваат електронската идентификација

**1.7 Извор на средства**

Средствата за реализација на договорот за јавна набавка кој е предмет на оваа постапка се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година ( врз основа на извадок од Нацрт – записникот - Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 45-1992/1 од 09.04.2019 донесен на Сто дваесет и деветатта седница и Мислење на Министерството за финансии бр.02-3844/2 од 16.04.2019 година).

**1.8 Право на учество**

1.8.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.

1.8.2 Секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда.

1.8.3 Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

1.8.4 Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една пријава за учество, односно понуда.

1.8.5 Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

1.8.6 Право да достави понуда има и група на понудувачи согласно со прописите за заштита на конкуренцијата. Договорниот орган нема да бара од групата економски оператори да има соодветна правна форма како услов за поднесување групна понуда или групна пријава за учество.

1.8.7 Носителот на групата задолжително ги потпишува со квалификуван сертификат за електронски потпис: понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува. Доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат, потребните изјави и документацијата која тие ја изготвуваат и потпишуваат може да биде своерачно потпишана и доставена во скенирана електронска форма.

1.8.8 Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација..

1.8.9 Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

1.8.10 Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку:

- е носител на групата економски оператори,
- групата економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување способност што се барале во постапката без тој член или
- останатите членови од групата солидарно не ги преземаат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

1.8.11 Повлекувањето член од групата економски оператори спротивно на точка 1.8.10 на овој член се смета за повлекување на групната понуда.

1.8.12 Групата економски оператори може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во Законот за јавните набавки.

Напомена: Во моментот на поднесување на групна понуда, најмалку носителот на групата треба да биде регистриран на ЕСЈН. [1]

1.8.12 Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

**1.9 Подизведување**

1.9.1 Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

1.9.2 Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи; и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

1.9.3 Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

1.9.4 Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 1.9.2.

1.9.5 Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од точка 1.9.3 алинеи 1 и 2, доколку носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од точка 1.9.3 алинеја 3, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

1.9.6 Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

1.9.7 За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

1.9.8 Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од Законот за јавните набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

1.9.9 Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачотдека подизведувачот е исплатен за изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата/времената ситуација од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**1.10 Трошоци за поднесување на понуда**

Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**1.11 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка**

Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка на работи врз основа на економски најповолната понуда која се утврдува врз основа на **- најниска цена**. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка која завршува со спроведување на електронска аукција не се врши бодување на понудите, туку само рангирање на понудувачите според висината на понудените цени.

[1] Доколку е потребно да се издаде негативна референца на групата понудувачи а некој од членовите на групата не е регистриран на ЕСЈН, договорниот орган ќе ја објави негативната референца за сите членови на групата, при што нерегистрираните претходно ќе ги регистрира на ЕСЈН врз основа на доставените податоци од понудата.

**1.12 Спречување на судир на интереси**

1.12.1 За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

1.12.2 Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за јавна набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

1.12.3 Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

1.12.4 Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

1.12.5 Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или раководните службеници кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот, за што го известува органот на управување или органот кој е надлежен за контрола на неговото работење.

**1.13 Начин на комуникација**

1.13.1 Секоја комуникација и размена на информации а особено поднесувањето на понудите или пријавите за учество, се вршат со користење електронски средства преку ЕСЈН. Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

1.13.2 Понудата и придружната документација се испраќаат во електронска форма преку ЕСЈН, освен во случаите од точка 2.1.2.

1.13.3 Начинот на поднесување на понудата е утврден во точка 4.7 и 4.8 од тендерската докумументација.

**1.14 Информации од доверлив карактер**

1.14.1 Договорниот орган не смее да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација, освен доколку со овој или со друг закон не е поинаку уредено.

1.14.2 Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои економскиот оператор ги има означено како доверливи, особено кога станува збор за деловна тајна или права од интелектуална сопственост, освен во случаите каде по сила на закон договорнот орган е должен да ги достави овие информации до надлежните органи (во случај на жалбена постапка, поведување на управен спор и слично). За таа цел, економскиот оператор треба да направи листа на доверливи информации со користење на Образецот на листа на доверливи информации во прилог на оваа тендерска документација, и истата да ја достави заедно со својата понуда.

1.14.3 Доколку економскиот оператор не ја достави листата на доверливи информации заедно со својата понуда, договорниот орган ќе смета дека предметната понуда не содржи информации од доверлив карактер.

1.14.4 Цената на понудата не се смета за доверлива информација во ниту еден случај.

1.14.5 По конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката, сите документи од постапката за јавна набавка, освен податоците кои се деловни тајни, класифицирани информации и лични податоци се сметаат за информации од јавен карактер. Пред конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката не се применуваат прописите кои го уредуваат пристапот до информации од јавен карактер.

**2. УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ**

**2.1.** Услови за утврдување способност

2.1.1. При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат причини за исклучување од постапката,
- дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во членовите 89, 90, 91 и 92 од Законот за јавните набавки и
- дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина утврдени во членовите 93 и 94 од од Законот за јавните набавки.

2.1.2 Економскиот оператор придружната документација ја доставува во скенирана електронска форма. Економскиот оператор може да го користи профилот на економски оператор на ЕСЈН за докажување на одредени критериуми за утврдување способност што ги овозможува ЕСЈН. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, **доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН**. Бараната-придружната документација која не е достапна во електронска форма, се доставува во хартија во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- **е адресиран со точна адреса на договорниот орган;**
- **содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;**
- **во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“,за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.**

2.1.3 При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања..

2.1.4 Бараното објаснување економскиот оператор го доставува во електронска форма преку ЕСЈН, со прикачување на документот со појаснувањето или дополнувањето во делот "Појаснување/Дополнување на поднесени документи", во рокот кој го определила Комисијата.

2.1.5 Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

2.1.6 Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно докажуваат дали постојат причини за исклучување од постапката.

**2.2 Причини за исклучување од постапката**

2.2.1 Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

2.2.2. Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

а) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

б) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

в) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

г) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

д) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

ѓ) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.2.3 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите е на листата на издадени негативни референци која се креира и која е достапна на ЕСЈН.

2.2.4 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација:

а) доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

2.2.5 Како документи дека не постојат причини за исклучување од членот 88 од Законот за јавните набавки односно точка 2.2 од тендерската документација, договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

а) во врска со точка 2.2.1, изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;

б) во врска со точка 2.2.2 од овој закон, потврда издадена од надлежен орган во Република Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;

в) во врска со точка 2.2.3, извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

2.2.6 Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од точка 2.2.5, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 од Законор за јавните набавки односно точка 2.2, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

2.2.7 Документите од точка 2.2.1 и 2.2.2 не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди.

2.3 **Услови за квалитативен избор на економските оператори**

2.3.1 Услови за квалитативен избор на економските оператори се:

а) способност за вршење професионална дејност;

б) економска и финансиска состојба и

в) техничка и професионална способност.

2.3.2 Како услови за квалитативен избор на економскиот оператор договорниот орган може да користи само услови утврдени во точка 2.3.1.

2.4 **Способност за вршење професионална дејност**

2.4.1 Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.4.2 При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на економските оператори договорниот орган бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка

2.4.3 Економскиот Оператор - понудувач треба да поседува и достави Лиценца Б за изведување на градби од втора категорија согласно Законот за Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2013 – Пречистен текст и бр.79/2013, 137/2013,163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014 ,187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016 и 35/2018).

2.4.4 Доколку Економскиот оператор понудувач на овој оглас, е странско лице, истиот треба да поседува лиценца во матичната земја, на лиценцата А или Б во Република Македонија. Доколку истиот е избран за најповолен понудувач пред потпишување на договорот за изведба на овој проект, странското правно лице е потребно во надлежниот орган во Република Македонија да регистрира подружница, која е потребно да аплицира во Министерството за транспорт и врски и да добие Лиценца А или Б за изведба, согласно законската регулатива во Република Македонија. Инженерскиот кадар е потребно да биде вработен во подружницата на странското правно лице, треба да поседуваат овластување за изведба, а доколку се државјани на друга држава потребо е да изврши нострификација на нивните овластувања во Комората на овластени инженери и архитеткти на Република Македонија.

**2.5 Економска и финансиска состојба**

2.5.1 За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- најмалку 50 (педесет) милиони денари, остварени приходи во последните три финасиски години заедно ( за 2016 година, за 2017 година, и за 2018 година).

2.5.2 Доколку економскиот оператор ја врши дејноста во период помал од три години, минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба е економскиот оператор да го остварил условот од подточка 2.4.1 во годините за кои постојат податоци.

2.5.3 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималниот услов од подточка 2.5.1 со доставување на :

- извештај за билансот на состојба издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и

- извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоанајмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

2.5.5 Економскиот оператор ги доставува документите од поддточка 2.5.3 заверени, односно издадени од надлежен орган како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба. Надлежен орган во Република Македонија е Централниот регистар на Република Македонија.

2.5.6 Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив. Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ (Договор) дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

2.5.7 Договорниот орган проверува дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување.

2.5.8 Доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот.

2.5.9 Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на економски оператори настапува со економско-финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиска состојба се утврдува согласно напред наведеното.

## 2.6 Техничка или професионална способност

2.6.1 За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- листа на работи извршени во последните пет години, од кој најмалку 3 (три) објекти од втора категорија со вредност поголема од 6.000.000,00 денари;
- понудувачот треба да има најмалку 10 лица во редовен работен однос.
- високо стручни лица вработени или ангажирани лица односно раководен кадар со образовни и професионални квалификации кои ќе бидат ангажирани и одговорни за реализација на предметот на набавката, а кои ги исполнуваат следните услови:
  - ➢ најмалку 1 (еден) дипл. инженер (градежен) со овластување Б за инженер за изведба;
  - ➢ најмалку 1 (еден) дипл. инженер (архитектура) со овластување Б за инженер за изведба;
  - ➢ најмалку 1 (еден) дипл. инженер, (машински) со овластување Б за инженер за изведба;
  - ➢ најмалку 1 (еден) дипл. инженер (електро) со овластување Б за инженер за изведба;

- Економскиот Оператор - понудувач треба минимум да поседува или да има обезбедено пристап до следните клучни видови на опрема кои треба да бидат целосно исправни и за кои треба да обезбеди доказ дека ќе му бидат достапни за употреба во рамките на назначениот договор. Економскиот Оператор - понудувач исто така може да назначи алтернативна опрема која што би можела да се користи на негов предлог, заедно со објаснување на предлогот.

**Табела бр. 2**

| Вид на опрема и карактеристики | Потребен минимален број |
|---|---|
| Камион за транспорт со зафатнина од 22 до 30 тони | 1 (еден) |
| Машина за ископ- ровокопач/утоварач | 1 (една) |
| Вибро ваљак | 1 (еден) |
| Кран | 1 (еден) |
| Авто дигалка | 1 (една) |
| Апарат за заварување | 1 (една) |
| Агрегат за струја | 1 (еден) |

2.6.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 2.6.1 со доставување на:

- Доставување листа на завршени работи во последните пет години, со прилог потврди за навремено и задоволително извршување на најмалку 3 (три) објекти од втора категорија со вредност поголема од 6.000.000,00 денари по договор;
- За докажување на бројот на вработени лица, Економскиот Оператор - Понудувач треба да достави изјава за просечниот годишен број и за бројот на неговиот раководен кадар во последните три години со прилог список на вработени лица издаден од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија;
- За докажување на предложениот технички персонал со образовни и професионални квалификации кој е оспособен за реализација на проектот, Економскиот Оператор - Понудувач треба да приложи Фотокопии од овластување Б, поткрепено со соодветни договори доколку се работи за ангажиран технички персонал;
- Изјава дека ја поседува или ја има на располагање опремата за извршување на договорот наведена во табела бр. 2;
- Известување со наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач.

2.6.3 Листата на завршни работи од точка 2.6 поддточка 2.6.2 алинеја 1 (прилог 5 од понудата), Изјавата дека ја поседува или ја има на располагање опремата за извршување на договорот наведена во табела бр. 2 од точка 2.6 поддточка 2.6.2 алинеја 4 и Известувањето со наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач од точка 2.6 поддточка 2.6.2 алинеја 5**,** ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и не мора да бидат заверени од надлежен орган.

2.6.4 Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

2.6.5. Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите за кои се бара таквата способност.

2.6.6 Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ (Договор) дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

2.6.7 Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на економски оператори настапува со техничка или професионална поддршка од трет субјект или трети субјекти, техничката и професионалната способност се утврдува согласно напред наведеното.

**Понудите на економските оператори кои не ги исполнуваат условите за квалитативен избор ќе бидат отфрлени како неприфатливи.**

**2.7 Стандарди за системи за квалитет и стандарди за животна средина**:

2.7.1 За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка на работи од аспект на стандардите за системи на квалитет и стандарди за животна средина економскиот оператор треба да ги исполнува следниве стандарди:

- ISO 9001:2015
- ISO 14001:2015

2.7.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на стандардите од потточка 2.6.1 со доставување на:

- СЕРТИФИКАТ за ISO 9001:2015
- СЕРТИФИКАТ за ISO 14001:2015

## 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1 Појаснување на тендерската документација

3.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување или измени на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во електронска форма, преку ЕСЈН, со користење на модулот "Прашања и одговори", најдоцна 8 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

3.1.2 Појаснувањето или евентуалните измени договорниот орган ќе ги достави преку ЕСЈН, во модулот „Прашања и одговори", по што сите економски оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање и ќе бидат во можност да го прочитаат појаснувањето, без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

### 3.2 Измена и дополнување на тендерската документација

3.2.1 Договорниот орган го задржува правото најдоцна 6 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања поднесени од страна на економските оператори, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.

3.2.2 Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација до моментот на измената ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена за конкретниот оглас.

3.2.3 Договорниот орган објавува известување за измени или дополнителни информации во постапката во случај кога врши:

- измена или дополнување на огласот за јавна набавка или на друго известување што се користи како замена за оглас и/или
- измена, замена или дополнување на тендерската документација

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Содржина на понудата

4.1.1. Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација (која е превземена од https://www.e-nabavki.gov.mk) и според приложениот образец, а се состои од следниве елементи:

- *пополнет образец на понуда составен од општиот дел и (предмер на работи);*
- *пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува);*
- *пополенет образец на листа на завршени работи;*
- *документи дека не постојат причини за исклучување согласно член 88 од Законот за јавните набавки односно точка 2.2.5 од тендерската документација;*
- *документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.4 од тендерската документација (доставување Лиценца Б за изведување на градби од втора категорија согласно Законот за Градење);*
- *докази за утврдување на економската и финансиската способност наведени во точка 2.5 односно подточка 2.5.3 од тендерската документација;*
- *докази за утврдување на техничката или професионалната способност наведени во точка 2.6 односно подточка 2.6.2 од тендерската документација;*
- *докази за утврдување на стандард за систем на квалитет и стандарди за животна средина наведени во точка 2.7 односно потточка 2.7.2 од тендерската документација;*
- *писмено овластување за претставникот на групата економски оператори (само за група на економски оператори);*
- *договор за групна понуда (само за група на економски оператори);*

- *изјава за сериозност;*
- *парафиран (електронски потпишан) модел на договор.*

4.1.2 Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува во согласност со тендерската документација врз основа на електронските обрасци на понуда дадени во оваа тендерска документација. Доколку на дадениот образец на понуда во оваа тендерска документација економскиот оператор не може целосно и сеопфатно да ја изрази својата понуда, може да користи друг образец на која ќе ја достави својата понуда под услов таквиот образец да ги содржи сите елементи од образецот на понуда даден во оваа тендерска документација. Понудата поднесена на образец на понуда кој не ги содржи сите елементи согласно тендерската документација ќе биде отфрлена како неприфатлива.

4.1.3 Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.

4.1.4 Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

4.1.5 Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во валута како што е утврдено во тендерската документација.

4.1.6 Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на набавка. Доколку предметот на набавка е поделен во делови, цената на понудата се изразува посебно за оној дел за кој се поднесува понудата согласно со тендерската документација.

4.1.7 Договорниот орган во тендерската документација ја утврдува валутата или валутите во кои може да се изрази цената на понудата, како и валутата што ќе се користи за евалуација на понудите. Курсната листа што ќе се користи е онаа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние што важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

4.18 Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

**4.2 Јазик на понудата**

4.2.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

4.2.2 При изразување на цената со букви, странскиот економски оператор во делот на понудата може да се послужи со англиски јазик.

4.2.3 Печатената литература може да биде и на друг јазик. Договорниот орган го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

**4.3 Цена на понудата**

4.3.1 Економскиот оператор во листата на цени и рокови на испорака и вградување ја внесува цената за секој дел поединечно, заедно со рокот на испорака.

4.3.2 Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени увозни царини без ДДВ.

4.3.3. Економскиот оператор понудената цена задолжително ја внесува и во ЕСЈН преку веб образецот „Поднеси понуда/пријава за учество“, панел „Податоци од понудата“, во полето за внесување на цената. Цената на понудата се пишува со бројки и букви. *(Доколку понудата е поднесена од странски економски оператор, цената на понудата покрај со бројки, се пишува и со букви на англиски јазик.)*

4.3.4 Договорниот орган бара од економскиот оператор, во примерен рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на стоките, услугите или работите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен. Договорниот орган, во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.

4.3.5 Објаснувањето од точка 4.3.4 особено се однесува на:

- економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на стоките или услугите или за изведувањето на работите,
- оригиналноста на работите понудени од страна на понудувачот,
- исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од Законот за јавните набавки,
- исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

4.3.6 Договорниот орган ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од точка 4.3.5 на овој член.

4.3.7 Договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции кои се ратификувани во Република Македонија.

4.3.8 Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде прифатена ако по барање дополнителни појаснувања, понудувачот докаже дека му била доделена државна помош во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**4.4 Валута на понудата**

Цената на понудата се изразува во денари. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите.

**4.5 Период на важност на понудата**

4.5.1 Понудите треба да важат најмалку **180 (сто и осумдесет) дена** од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот работен ден. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како понуда што не одговара на условите.

4.5.2 Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.6 Изјава за сериозност**

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

**4.7 Форма и потпишување на понудата**

4.7.1 Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис (дигитален сертификат) од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице. Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот "Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

4.7.2 Дополнителни информации за користењето на дигитални сертификати: Понуда се потпишува електронски со употреба на квалификуван сертификат за електронски потпис, кој е издаден од регистриран издавач на сертификати во Министерството за финансии на Република Македонија.

При проверка на документите потпишани со електронски потпис, за време на потпишување на документот се смета времето на аплицирање на електронски потпис на самиот документ. Електронски потпис треба да биде валиден до крајниот рок за поднесување на понудите.

Доколку електронскиот потпис кој е содржан во понудата е издаден од странски издавач, потребно е издавачот да биде авторизиран (регистриран) во земјата на потекло како официјален издавач на квалификувани сертификати за електронски потписи.

Во случај на употреба на квалификуван сертификат издаден од издавач со седиште во трета земја, сертификатот може да се смета за валиден доколку е исполнет еден од следните 3 услова:

- Издавачот ги исполнува условите за квалификуван сертификат пропишани со Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 6/02 и 98/08) и е доброволно акредитиран во Европската унија или
- Регистриран домашен издавач гарантира за странскиот сертификат како да го издал самиот или
- Така да е договорено со билатерален или мултилатерален меѓународен договор склучен помеѓу Република Македонија и друга земја или меѓународна организација.

Комисијата го задржува правото доколку во текот на евалуацијата се посомнева во валидноста на употребениот сертификат или издавачот на сертификати да побара дополнителни информации или документи со кои ќе се докаже валидноста на сертификатот. За да се избегнат технички пропусти при утврдување на валидноста на сертификатот , препорачливо е економскиот оператор во понудата да наведе со кој софтверски пакет (Microsoft Office 2003, 2007, 2010, OpenOffice итн.) се потпишани документите,

Носител на дигиталниот сертификат со кој се потпишуваат документите кои се составен дел на понуда (финансиска и техничка понуда, изјави), задолжително треба да биде овластениот потписник на економскиот оператор или лице ополномоштено од овластениот потписник.

Полномошното ќе се смета за валидно доколку е приложено во:

а) електронска форма потпишано со дигитален сертификат на управителот;

б) во скенирана форма, со печат и своерачен потпис на управителот; или

в) во хартиена форма, со печат и своерачен потпис на управителот.

Понуди потпишани со дигитален сертификат чиј носител е лице кое нема никакво овластување за потпишување на понуда, ќе бидат отфрлени како понуди со формални недостатоци.

**4.8 Начин на доставување на понудата и придружната документација**

4.8.1 Договорниот орган може да прифати и понуда од економски оператор кој не ја презел тендерската документација преку ЕСЈН, но не е обврзан евентуално направените измени и дополнувања на тендерската документација да ги доставува и до тие економски оператори.

4.8.2 Економскиот оператор придружната документација ја доставува во скенирана електронска форма. Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

**4.9 Краен рок и место за поднесување на понудите**

4.9.1 Краен рок за доставување на понудите е **02.12.2019 до 12 часот**.

4.9.2 Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

4.9.3 Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган и економскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

**4.10 Алтернативни понуди** / Во оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка не се дозволени алтернативни понуди.

**4.11 Измена, замена и повлекување на понудата**

4.11.1 Понудувачите можат да ги изменат, заменат или повлечат своите понуди по поднесување на понудата, под услов измените, замените или повлекувањата да се добиени од договорниот орган пред крајниот рок за поднесување на понудите наведен во точка 4.9.

4.11.2 Измените, замените и повлекувањата на понудите се спроведуваат преку ЕСЈН во модулот „Поднеси понуда“,со додавање на нови документи, бришење на веќе поднесени документи., или целосно повлекување на понудата.

4.11.3 Понудата не може да биде изменета, заменета или повлечена по крајниот рок за поднесување на понудите предвиден во точка 4.9.

4.11.4 Повлекувањето на понудата во периодот помеѓу крајниот рок за поднесување на понудите и истекувањето на периодот на важност на понудата ќе резултира со активирање на изјавата за сериозност, согласно точка 4.6.

## 5. ЈАВНО ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Јавно отворање на понудите**

5.1.1 На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

5.1.2 Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

5.1.3 Овластените претставници на економските оператори на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на економскиот оператор. Сите овластени претставници на економските оператори, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

5.1.4 Јавното отворање ќе се одржи на **02.12.2019 година во 12 часот**, во просториите на Агенција за млади и спорт Ул „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје.

5.1.5 Доставените понуди се отвораат согласно Законот за јавните набавки и тоа: една по една, со читање на името на економскиот оператор, при што се констатира дали понудите се доставени според точка 4.7 и 4.8 од тендерската документација и дали се дали се електронски потпишани, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени, освен понудите, кои согласно Законот за јавните набавки, се исклучуваат од натамошната постапка. После тоа се пристапува кон читање на цените на понудата, вклучувајќи какви било попусти и постоењето на гаранција на понудата. Само попустите кои се прочитани на јавното отворање на понудата ќе се разгледуваат при евалуацијата на понудите. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите.

5.1.6 Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

5.1.7 Во текот на отворањето на понудите односно пред да пристапи кон евалуација на понудите, комисијата изготвува записник од отворањето на понудите

5.1.8 Во моментот на отпочнување на отворањето на понудите, ЕСЈН на понудувачите ќе им овозможи пристап до следните податоци:

- бројот на огласот за кој е поднесена секоја понуда,
- името на понудувачот и
- цената на понудата и валутата во која е искажана понудата.

5.1.9 Во моментот на отпочнување на отворањето на понудите, ЕСЈН ќе ѝ овозможи на комисијата целосен пристап до сите документи доставени од страна на понудувачите.

**5.2 Доверливост на процесот на евалуација на понудите**

Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на економските оператори или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

**5.3 Исправка на аритметички грешки**

5.3.1 Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови.
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

5.3.2 Комисијата за јавни набавки ќе ги коригира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

5.3.3 Ако економскиот оператор не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена и ќе биде издадена негативна референца од страна на договорниот орган заради прекршување на изјавата за сериозност на понудата.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**6.1 Доделување на договорот за јавна набавка**

6.1.1 Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во отворената постапка, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена.

6.1.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

6.1.3. Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена, за најповолна ќе биде избрана порано поднесената понуда.

6.1.4 Доколку во текот на постапката за јавна набавка, најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов врз основа на спроведена анализа да утврди дека истото е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со овој закон.

6.1.5. По завршувањето на електронската аукција и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).

**6.2 Известување на кандидатите и понудувачите**

6.2.1 По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвиква правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

6.2.2 Договорниот орган е должен да го извести понудувачот или понудувачите чија понуда е избрана за најповолна, како и понудувачите што биле одбиени или оние чија понуда не била избрана за најповолна, за причините за донесување на одлуката и тоа секој:

- понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, со детално образложение зошто понудата е неприфатлива и
- понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името

на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

6.2.3 Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда, освен во случаите на управна контрола. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од спроведената постапка, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

**6.3 Правна заштита**

6.3.1 Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција во однос на утврдување на способноста на понудувачите и целосната евалуација на првичните понуди се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

6.3.2 Жалбата треба да ги содржи следниве елементи:

- податоци за подносителот на жалбата (име и презиме, назив на економскиот оператор, адреса на престојувалиште и седиште),
- податоци за застапникот или полномошникот,
- назив и седиште на договорниот орган,
- број и датум на постапката за јавна набавка и податоци за огласот за јавната набавка,
- број и датум на одлуката за избор на најповолна понуда, поништување на постапката или други одлуки на договорниот орган,
- податоци за дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган,
- опис на фактичката состојба,
- опис на неправилностите и образложение по истите,
- предлог на докази,
- жалбено барање и/или барање за надоместок на трошоците за постапката и
- потпис на овластено лице.

6.3.5 Подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

6.3.6 Подносителот на жалбата кој нема седиште на територијата на Република Македонија е должен да определи полномошник за прием на писмена.

6.3.7 Жалбата се изјавува до Државната комисија. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија. Денот на поднесување на жалбата по препорачана пошта се смета за ден на поднесување. Во случај на лично поднесување на жалбата договорниот орган е должен да му издаде на подносителот потврда за времето на приемот.

6.3.8 Во постапката пред Државната комисија подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата, и тоа:

- до 10.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 50 евра во денарска противвредност,
- од 10.000 до 70.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 100 евра во денарска противвредност,
- од 70.000 до 130.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 150 евра во денарска противвредност или
- над 130.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 200 евра во денарска противвредност.

6.3.9 Во случај на непостоење понуда, висината на надоместокот за водење на постапката се пресметува врз основа на проценетата вредност на договорот за јавна набавка, при што Државната комисија го известува подносителот на жалбата за висината на надоместокот и рокот во кој треба да достави доказ за негова уплата.

**6.4 Склучување на договорот за јавна набавка**

6.4.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

6.4.2 Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

6.4.3 Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во **6 (шест) примероци** на потпишување, 4 примероци за договорниот орган 2 примероци за економскиот оператор.

6.4.4 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 3 (три) дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот. По потпишување и заверка на Договорот, истиот да се достави благовремено до Дооговорниот орган. По заверување и потпишување од страна на Договорниот орган ќе се достават потребен број на примероци до најповолниот понудувач.

6.4.5 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 6.4.4 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и **ја активира изјавата за сериозност и да објави негативна референца.**

6.4.5 Ако избраниот најповолен понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**6.5 Извршување на договорот**

6.5.1 Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

6.5.2 Договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

6.5.3 На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**7.1 Начин на плаќање**

7.1.1 Начинот на плаќање од страна на Договорниот орган е по доставена времена (месечна) ситуација, во која ќе бидат наведени изведените работи со количини и единечни цени, во согласност со прифатената понуда утврдени со градежна книга и градежен дневник, потпишани и заверени од надзорниот орган, со рок на плаќање најдоцна од 120 (сто и дваесет) дена од денот на прием во Архивата на Нарачателот.

7.1.2. За ден на прием на времената ситуација ќе се смета денот кога времена ситуација верификувана, проверена, потпишана и заверена од Надзорниот орган е заведена во архивата на Нарачателот.

7.1.3. За реализација на проектот за „изградба на 6 пливачки базени на територијата на Република Северна Македонија“ се утврдуват средства од Буџетот на Република Северна Македонија од програма 2А- Спортски објекти, ставка 482-други градежни објекти, подставка 482920- изградба на други објекти, во вкупна вредност од 169.491.525,00 денари без вклучен ДДВ или износ од 200.000.000,00 денари со вклучен ДДВ. Се предвидува следниов начин и динамика на реализација на исплата на средства и тоа:

- 30.000,00 денари во 2019 година;
- 55.000,00 денари во 2020 година;
- 55.000,00 денари во 2021 година; и
- 60.000,00 денари во 2022 година.

**7.2 Рок за извршување на работите**

7.2.1 Рокот за реалзиацијa на проектот односно изведување на градежни работи за израдба на еден пливачки базен е 18 месеци од денот на воведувањето во работа/градба.

7.2.2 Притоа Носителот на набавката има обврска да почне со изведба на работите предмет на Договорот за јавна набавка, веднаш по записничкото воведување во работа, но не подоцна од 10 (десет) дена од воведувањето. Доколку работите - предмет на договорот за јавна набавка се изведат порано од предвиденото, Договорниот орган и Економскиот оператор – Изведувач со писмен акт ќе констатираат престанокот на важноста на Договорот, а за иститот ќе се изврши пресек на изведени работи и платени работи, односно ќе се изготви конечна ситуација по градежна книга.

**7.3 Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во Понудата од страна на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за јавна набавка. Економскиот оператор - понудувач ги наведува цените за сите позиции од работите опишани во цртежите и спецификациите, и наведени во Планот за работа. Позициите за кои не е наведена цена од страна на Економскиот оператор - понудувач нема да бидат платени од страна на Договорниот орган при извршување на договорот и ќе се сметаат за опфатени со цените за другите позиции во Планот за работа.

Сите давачки, даноци и други оптоварувања кои што треба да ги плати Договорниот орган, согласно договорот, или од било која друга причина пред крајниот рок за поднесување на понудите, се вклучени во цените и во вкупната понудена цена поднесена од Економскиот оператор - понудувач.

**7.4** За извршување на договорот за јавна набавка **не е предвидено авансно плаќање.**

**7.5 Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот**

7.5.1 Услов за потпишување договор со најповолниот економски оператор е обезбедување банкарска гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во износ од **10 % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ**.

7.5.2 Гаранцијата од точка 7.5.1 се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

7.5.3 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

7.5.4 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

7.5.5 Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

7.5.6 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува во рок од 10 дена од склучување/потпишување на договорот со најповолниот понудувач.

7.5.7 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт од точка 1.2.2 од тендерската документација

7.5.8 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

7.5.9 Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка, односно со добивањето на позитивниот извештај од Надзорниот орган и доставување на гаранцијата во гарантен рок.

7.5.10 Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

**8. Гаранција во гарантен рок**

8.1.1 Гарантен рок на изведени работи износува 2 (две) години и започнува да тече од денот на добиениот завршен извештај од Надзорниот инженер за извршен технички преглед односно со записничкото констатирање дека градбата може да се даде во употреба.

8.1.2 Изведувачот доставува банкарска гаранција во висина од **3% (три проценти)** од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ до истекот на гарантниот рок.

8.1.3 Изведувачот ја дава оваа гаранција за квалитетот на изведените работи и квалитетот на вградените материјали во кој рок се обврзува да ги отстрани сите евентуални недостатоци кои ќе се појават како последица од неквалитетно изведување на работите и вградениот неквалитетен материјал и другите недостатоци кои ќе се појават по вина на Изведувачот.

8.1.4 Изведувачот е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок. Отстранувањето на недостатоците на вградените материјали го организира Изведувачот до истекот на гарантниот рок, во спротивно ќе биде активирана банкарската гаранција од точка 8.1.2.

8.1.5 За недостатоците што ќе се отстранат, гарантниот рок започнува повторно да тече, од нивното отстранување.

8.1.6 Изведувачот нема обврска да ги отстранува недостатоците за (квалитетот на изведените работи и квалитетот на вградените материјали) кои се појавиле во гарантниот период -рок доколку се утврди дека недостатоците произлегуваат од тековно и насилно користење на објектот како и настапување на виша сила.

**9. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,

- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

## 10. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

10.1 Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

10.2 Договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација во рок од 30 дена по завршувањето на постапката.

**ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ**

1. Проектна документација/Технички опис на пливачки базен

- (увид во целата проектната документација се врши во просториите на Агенцијата за млади и спорт)

2. Предмер на работите

**Прилог 1- Модел на договор**
***Задолжителни одредби на договорот за јавна набавка**

**Модел на Договор**

Овој Договор е склучен на ден ________________ во Скопје, врз основа на член 116 став 1 и 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24 од 01.02.2019) врз основа на извадок од Нацрт – записникот - Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 45-1992/1 од 09.04.2019 донесен на Сто дваесет и деветатта седница и Мислење на Министерството за финансии бр.02-3844/2 од 16.04.2019 година,
**помеѓу:**

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1. АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**, со седиште на **ул. „Македонија“ бр. 38, Скопје,** застапувана од **Дарко Каевски – Директор**, (овде и во понатамошниот текст именувана како **Договорен орган – Нарачател**) од една страна;

**и**

**2. Економски оператор –** Понудувач ________________________________________________ ____________________________________________________________ со седиште на __________________________, ЕМБС ________________, ЕДБ ___________________, жиро сметка ___________________________, депонент - __________________________________ претставувано од ________________________________________ (во понатамошниот текст именуван како “Изведувач”) од друга страна

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорените страни во врска со реализација на проектот за **„изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија“**, согласно Одлуката за јавна набавка број ________ од ________ година, по спроведена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка број ____/201_ година, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки на ден _______ 201__ година која заврши со електронска аукција и Одлуката за избор на најповолна понуда број ____________ од _________ година.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на работи за **изградба на пливачки базен во Република Северна Македонија во -------------------------**, согласно прифатената понуда на Изведувачот -----------------------------------, согласно техничките спецификациии (карактеристики на работите) од тендерската документација и тендерската документација, кои се составен дел од овој Договор.

**Член 3**

Работите од член 2 на овој Договор кои се предмет на набавката, се состојат во целосно изведување на сите предвидени градежни работи и постапки, со изработка на Проект за изведена состојба и истите треба да се изведат во се’ според описите и количините од предмерот на работите од тендерската документација, прифатената понуда на Економскиот оператор понудувач _______________________________, со Проектната документација, како и важечките прописи, правила и стандарди.

Изведувачот самостојно се обврзува да ги изврши збирно сите работи потребни за изградба и употреба на градбата за предвидената намена.

Договорената цена на работите во случајот од став 1 на овој член ја опфаќа и вредноста на непредвидени и на вишоците на работите, а го исклучува влијанието на недостатоците на работите врз договорената цена.

**Член 4**

Со овој Договор, Изведувачот самостојно се обврзува да ги изврши збирно сите работи за **изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија** а Нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати определена цена.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на на овој Договор е Македонскиот јазик со користење на неговото кирилско писмо.

Јазик на целата комуникација и кореспонденција во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ЦЕНА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вкупната цена на работите од член 2 и 3 од овој договор, согласно постигнатата цена на електронската аукција одржана на ден ___________ година, изнесува ______________________ денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без вклучен ДДВ.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува ___________________ денари.

Вкупната цена на Договорот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ изнесува ___________________ денари.

**Член 7**

Единечните цени за изразување на поодделни фази и позиции од договорените работи се дадени во понудата на Изведувачот која е составен дел од овој Договор и истите се утврдени врз основа на сите елементи кои важеле при склучување на договорот.

Во единечните цени се вкалкулирани сите трошоци за работа, материјал, транспортни трошоци, монтажа, даночни обврски, добивка, сите непредвидени работи и вишоците на работите и сите други трошоци и помошни работи кои се потребни за формирање на цената.

Единичните цени кои се резултат од негативното наддавање во текот на електронската аукција како постигнати најниски цени се фиксни и непроменливи по било кој основ за целокупното времетраење на договорот.

**Член 8**

Конечна вредност на работите ќе се утврди со конечна пресметка која се врши по примопредавањето на изведените работи.

Работата врз конечната пресметка започнува веднаш по извршеното примопредавање, а се завршува во рок од 60 дена од денот на примопредавањето.

**Член 9**

Со конечната пресметка се опфаќаат сите работи изведени врз основа на договорот, вклучувајќи ги непредвидените и дополнителни работи и вишоците на работите кои Изведувачот бил должен да ги изведе, без оглед дали работите се опфатени со времените ситуации.

**Член 10**

Конечната пресметка содржи особено:

1) Вредност на изведените работи според договорените цени постигнати на електронската аукција;

2) Износ исплатен по основ на ситуации;

3) Износ на цената што Нарачувачот го задржува за отстранување на недостатоци;

4) Податок дали објектот е завршен во договорениот рок, а ако не е, колку изнесува пречекорувањето на рокот;

5) Податок за тоа кој е договарач, по кој основ и во кој износ бара наплата на договорената казна и надомест на штета, како и нивни оспорени и неоспорени износи;

6) Вкупен износ на цената на изведените работи и

7) Податоци за другите факти за кои не е постигната согласност на овластените претставници на договарачите.

**Член 11**

Ако Нарачувачот без оправдана причина го одбие учеството во изработката на конечната пресметка или го одложува своето учество во изработката на конечната пресметка, Изведувачот може самиот да изврши пресметка и за тоа да ги извести Нарачувачот. Тоа право му припаѓа и на Нарачувачот.

**Член 12**

Секој договарач ги поднесува трошоците на своето учество во изработката на конечната пресметка.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Овој договор престанува да важи кога во целост ќе бидат исполнети правата и обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорените страни, но не подоцна од 4 (четири) години од денот на потпишувањето на Договорот.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 14**

Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 и 3 од овој Договор да ги изврши во рок **од 18 (осумнаесет) месеци**.

Изведувачот изведувањето на сите работи предвидени во член 2 и 3 од овој Договор ќе ги врши во согласност со предложениот динамички план за изведување на работите кој е должен да го достави во рок од 10 (десет) дена по склучување на Договорот.

Изведувачот може да даде динамика за изведување на работите која е со пократки рокови од утврдените од страна на договорниот орган.

**Член 15**

Рокот за изведување на работите започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Изведувачот во работа.

**Член 16**

Изведувачот во работа во име на Нарачувачот го воведува Надзорниот инженер.

Надзорниот инженер ќе го воведе Изведувачот во работа, најкасно во рок од 10 дена од денот на воведување на Надзорниот инженер (Вршителот на услугата) во работа од страна на Нарачувачот.

За воведување во работа, помеѓу Изведувачот и Надзорниот инженер се составува посебен записник.

Датумот на воведувањето во работа се констатира во градежниот дневник.

**Член 17**

Изведувачот е во обврска да започне со изведување на работите предмет на овој договор наредниот ден од денот на воведување во работа од страна на Надзорниот инженер.

**Член 18**

Ако Изведувачот не започне со изведување на работите од член 17 од овој Договор, Нарачувачот ќе му остави дополнителен примерен рок од 7 (седум) работни дена за започнување со изведување на работите доколку Изведувачот има оправдани причини за тоа.

Ако Изведувачот ниту во рокот од став 1 на овој член, не започне со изведување на работите, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штетата и да ја наплати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

**Член 19**

Изведувачот е должен работите предмет на овој Договор, да ги изведе во целост спрема одредбите од овој Договор и согласно актите кои се составен дел на овој Договор и тоа:

- одобрение за градење;
- основен проект со извештај за ревизија на основниот проект;
- понудена и прифатена понуда, по спроведена електронска аукција;
- документи и акти за изградба издадени од страна на надлежни органи и овластени институции кои се однесуваат на изведување на работите;
- динамички план за изведување на работите и
- останати документи, согласно закон.

**Член 20**

Изведувачот е должен да изготви План за градење со динамика и рокови за изградба на градбата и истиот да го достави до Нарачувачот пред воведување во работа.

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат изведени во договорениот рок, Нарачувачот има право да побара од Изведувачот да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план на градењето.

**Член 21**

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги изведува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во неповолно годишно време.

Како причини, поради кои во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се смета особено:

1) Природни настани (пожар, поплава, замјотрес, исклучително лошо време невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);

2) Мерките предвидени со акти на надлежните органи;

3) Измена на проектна документација која битно би влијаела во продолжувањето на рокот за изведување на работите;

4) Неисполнувањето или неуредното исполнување на обврските на Нарачувачот како што се отстранување на недостатоците во проектната документација врз основа на која се изведуваат работите;

5) Застој во работењето предизвикано со прекини на линиските инфраструктури градби (далновод, нафтовод, гасовод, топловод, водовод, канализација, електрични водови, телекомуникациски водови и други објекти), само доколку претходно Нарачувачот немал податоци или дал неточни податоци за истите;

6) Задоцнување во испораката на опремата, ако опремата ја набавува Нарачувачот или ја испорачува лице кое го определил Нарачувачот;

7) Непредвидени и/или дополнителни работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат и

8) Вишоци на работите над 10% од договорените количества на работите.

**Член 22**

Рокот за извршување на работите може да се продолжи само во следните случаи:

1) Ако двете договорни страни взаемно се спогодат;

2) Поради природни настани (пожар, поплава, замјотрес, исклучително лошо време невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);

3) Поради изречените мерките на надлежните органи;

4) Поради измена на проектна документација;

5) Поради неисполнувањето или неуредното исполнување на обврските на Нарачувачот како што се отстранување на недостатоците во проектната документација врз основа на која се изведуваат работите;

6) Поради застој во работењето предизвикано со прекини на линиските инфраструктури градби (далновод, нафтовод, гасовод, топловод, водовод, канализација, електрични водови, телекомуникациски водови и други објекти), само доколку претходно Нарачувачот немал податоци или дал неточни податоци за истите;

7) Поради задоцнување во испораката на опремата, ако опремата ја набавува Нарачувачот или ја испорачува лице кое го определил Нарачувачот;

8) Ако при изведба на работите се појават непредвидени и/или дополнителни работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат и

9) Ако при изведба на работите се појават вишоци на работите за повеќе од 10% од договорените количества на работите.

**Член 23**

Настанувањето, траењето и престанокот на околноста поради кои договорениот рок се продолжува се запишува во градежниот дневник.

Изведувачот е должен навремено и во писмена форма да го извести Надзорниот инженер, односно Нарачувачот за настанатите околности поради кои може да дојде до продолжување на рокот за извршување на работите, а во спротивно доколку околностите не му се познати на Нарачувачот или не се јасни и недвосмислено докажани, односно општо познати, ќе се смета дека непостојат услови за продолжување на рокот.

**Член 24**

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачувачот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

**Член 25**

Изведувачот е должен работите предмет на овој договор, да ги изведува стручно, совесно и квалитетно, согласно важечките прописи, правилата на струката, стандарди и атести од овластени институции.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 26**

Нарачувачот и Изведувачот се согласни Изведувачот да му плати на Нарачувачот определен паричен износ или ќе му прибави некоја друга материјална корист (договорна казна), ако:

- задоцни со исполнување на својата обврска.

**Член 27**

Ако Изведувачот работите не ги врши во согласнот со динамички план за изведување на работите и ако не ги изврши работите во предвидениот рок утврден во членот 14 став 1 од овој Договор или во одобрениот продолжен рок, Изведувачот е согласен на Нарачувачот да му плати договорна казна од 1‰ (еден промил) од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% (пет проценти) од вкупната договорена цена на работите.

Нарачувачот има право, по истекот на рокот за извршување на работите предмет на овој договор, од времените ситуации или од завршната ситуација да ја одбие договорната казна од став 1 на овој член.

**Член 28**

Договорната казна се пресметува до примопредавањето на градбата, односно на дел од градбата што претставува економско- техничка целина.

**Член 29**

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

**Член 30**

Ако до продолжување на рокот за изведување на работите дошло поради случаите утврдени во членот 22 од овој Договор, нема да се засметува договорна казна..

**Член 31**

Ако Изведувачот задоцни со исполнување на својата обврска, Нарачувачот ќе бара и исполнување на обврската и договорна казна, како и надомест на штета што ја претрпел Нарачувачот, настаната поради ненавремено исполнување на обврската.

**Член 32**

Нарачувачот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Нарачувачот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 33**

Плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишани и заверени времени (месечни) ситуации, во која ќе бидат наведени изведените работи со количини и единечни цени по стварно извршена работа кој се утврдени со градежна книга и градежен дневник, верификувани, потпишани и заверени од Изведувачот и Надзорниот инженер а во согласност со прифатената понуда, доставени до договорниот орган (Нарачувачот).

Плаќањето на договорените работи Нарачувачот ќе го врши во рок од 120 (сто и дваесет) дена по приемот на потпишани и заверени времени ситуации, од страна на овластено лице од Изведувачот и Надзорниот инженер, доставени во архивата на договорниот орган (Нарачувачот).

За ден на прием на времената ситуација ќе се смета денот кога времената ситуација верификувана, проверена, потпишана и заверена од Надзорниот орган е заведена во архивата на Нарачателот.

**Член 34**

Изведувачот е согласен исплатата на работите кои се предмет на оваа јавна набавка, согласно прифатната понуда со вкупна вредност од _______________, да се врши во согласност со точка 1 од извадок од Нацрт – записникот - Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 45-1992/1 од 09.04.2019 донесен на Сто дваесет и деветатта седница) и Мислење на Министерството за финансии бр.02-3844/2 од 16.04.2019 година односно се предвидува следниов начин и динамика на реализација на исплата на средства и тоа:

- до 30.000.000,00 денари во 2019 година;
- до 55.000.000,00 денари во 2020 година;
- до 55.000.000,00 денари во 2021 година; и
- до 60.000.000,00 денари во 2022 година.

**Член 35**

Изведувачот е должен времените ситуации за извршените работи, како и завршната ситуација за извршените работи да ја изготвува согласно градежната книга.

**Член 36**

Времените ситуации ги доставува Изведувачот за период од еден месец.

Времените ситуации се доставуваат до договорниот орган (Нарачувачот) во примерен рок по истекот на периодот за кои се однесуваат.

Времените месечни ситуации и завршната ситуација изготвени од страна на изведувачот на работите, Надзорниот орган е должен да ги потврди и верифицира во рок од 5 (пет) дена сметано од денот на приемот на ситуацијата.

**Член 37**

Завршната ситуација Изведувачот ја изготвува и ја доставува на исплата до договорниот орган (Нарачувачот) по извршеното примопредавање на изведените работи.

**IX. ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ**

**Член 38**

Изведувачот е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор и согласно прописите, стандардите и правилата на струката.

За изведување на работите предмет на овој договор, Изведувачот се обврзува да обезбеди стручни, квалификувани и овластени лица, согласно Законот за градење, подзаконските акти и доставената понуда.

**Член 39**

Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која ќе се изведуваат договорените работи и од Нарачувачот навремено да побара објаснение за недоволно јасните детали.

**Член 40**

Изведувачот нема право да ја менува проектната документација.

Изведувачот е должен веднаш по приемот на проектната документација истата детално да ја проучи согласно правилата на струката и доколку уочи недостатоци во проектната документација или смета дека таа документација треба да се менува заради нејзино подобрување или од други причини, Изведувачот е должен за тоа навремено писмено да го извести Нарачувачот.

Изведувачот е должен во текот на изведувањето на работите од Нарачувачот да побара објаснение за недоволно јасните детали во проектната документација.

Зачестените неоправдани барање на Изведувачот за објаснување на детали од проектната документација, придружени со прекин на работата, ќе се смета за неоправдано одолговлекување на работите.

Ако уочените недостатоци во проектната документација ја загрозуваат сигурноста на градбата, животот или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, до отстранувањето на недостатоците Изведувачот ќе го запре изведувањето на работите и ќе преземе мерки за отстранување на недостатоците.

**Член 41**

Изведувачот е должен најдоцна во рок од 3 работни дена од денот на склучување на овој Договор, да определи Инженер за изведба кое ќе раководи со изградбата на градбата.

Инженерот за изведба ќе биде одговорен за исполнување на обврските во согласност со закон.

Изведувачот е должен најдоцна во рок од 2 работни дена од денот на определување на Инженер за изведба, во писмена форма да го извести Нарачувачот за лицето кое го определила за Инженер за изведба со приложување на копија од овластување Б за инженер за изведба од област градежништво издадено од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Доколку во текот на градењето Изведувачот го промени Инженерот за изведба и определи друго лице кое ќе раководи со изградбата на градбата и кој ќе биде одговорен за исполнување на обврските во согласност со закон, Изведувачот е должен најдоцна во рок од 3 работни дена од настанатата промена во писмена форма да го извести Нарачувачот за настанатата промена со приложување на копија од овластување Б за инженер за изведба од област градежништво издадено од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери за тоа лице.

**Член 42**

Изведувачот е должен да ги изведува градежните работи во согласност со добиената лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија.

Изведувачот е должен да изведува градежните работи согласно со одобрение за градење и ревидираниот основен проект.

Изведувачот е должен да води Градежен дневник и Градежна книга при изведувањето на градежните работи кои ќе бидат потпишани од страна на Надзорниот инженер.

Изведувачот е должен да обезбеди докази за пропишан квалитет за вградените градежни производи и опремата.

Изведувачот е должен договорените работи да ги извршува стручно, солидно, квалитетно и совесно според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи, постапувајќи како добар стопанственик.

Изведувачот е должен да спроведува мерки за заштита и сигурност на градилиштето во согласност со закон.

Изведувачот е должен да му овозможи на Нарачувачот постојан надзор над изградба на градбата.

Изведувачот е должен да соработува со Надзорниот инженер.

Изведувачот е должен најдоцна во рок од 10 дена по склучување на овој договор да изготви План за градење со динамика и рокови за изградба на градбата и истиот да го достави до Нарачувачот пред да биде воведен во работа.

**Член 43**

Изведувачот е должен да вградува материјали и опрема што одговараат на пропишаните стандарди согласно проектната документација и прифатената понуда, кои одговараат на македонските стандарди кои се во согласност со меѓународните стандарди и атестирани од овластени институции.

Изведувачот е должен атестите за квалитет на вградените материјали и опрема во текот на изградбата на градбата да ги предаде на Надзорниот инженер и истите ќе бидат составен дел на времените ситуации.

Доколку по своја вина Изведувачот не набави и вгради онаков материјал и опрема каков што е предвиден со проектната документација и прифатената понуда, должен е на своја сметка, без право на надомест, да вгради само поквалитетен материјал и опрема, со обезбедување на атести согласно став 2 на овој член.

**Член 44**

Изведувачот е должен да му овозможи на Надзорниот инженер и Нарачувачот несметан пристап до градилиштето и местата за складирање на материјалите и опремата.

Забелешките и наодите од Надзорниот инженер во поглед на изведување на работите, вградениот материјал и опрема или за текот на изведувањето на работите се запишуваат во градежниот дневник или се соопштуваат во писмена форма.

Следењето на реализацијата на работите секојдневно ќе се врши преку градежен дневник.

**Член 45**

Изведувачот е должен на Нарачувачот да му го предаде Проектот за изведена состојба по завршеток на работите, односно, по раскинувањето на договорот.

**Член 46**

Изведувачот е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста над изградба на градбата и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината во согласност со закон.

Изведувачот е должен градилиштето да го загради заради спречување на неконтролиран пристап во градилиштето со соодветна ограда на начин што работата на градилиштето нема да ги загрози минувачите. На градилиштето кое се протега на поголем простор, деловите на градилиштето кои не можат да се оградат, мора да бидат заштитени со одредени сообраќајни знаци или означени на друг начин.

Изведувачот е должен да го означи градилиштето со информативна табла која задолжително треба да содржи име, односно назив на учесниците во изградбата, назив и вид на градбата која се гради, надлежен орган кој го издаде одобрението за градење, број и датум на издаденото одобрение за градење, како и назнаката дека се работи за културно добро, ако таа градба е запишана во Националниот регистар на културно наследство.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1, 2 и 3 на овој член, ги поднесува Изведувачот.

**Член 47**

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Нарачувачот, Изведувачот на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување.

Изведувачот ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропаѓање.

**Член 48**

Изведувачот е должен на градилиштето да обезбеди соодветна заштита на работниците ангажирани во изведување на работите, вклучувајќи го и персоналот на Нарачувачот и Правното лице за вршење на надзор со определен Надзорен инженер.

**Член 49**

Изведувачот е должен да ги надомести сите штети на трети лица кои се предизвикани од градењето на градбата, по вина на Изведувачот.

**Член 50**

По завршените работи, односно, по раскинувањето на договорот, Изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што и изградил и да ја исчисти градбата и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени по завршетокот на договорените работи, ги поднесува Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинувањето на Договорот.

## <u>X. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ</u>

**Член 51**

Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

**Член 52**

Нарачувачот е должен, по склучување на Договорот, да го воведе Надзорниот инженер во работа.

Изведувачот во работа во име на Нарачувачот го воведува Надзорниот инженер.

Нарачувачот е должен пред воведување во работа на Изведувачот да му обезбеди нормални услови за континуирано и непрекинато извршување на работите.

Воведувањето на Изведувачот во работа опфаќа особено:

1) предавање на градилиштето, под кое, зависно од предметот на Договорот, се подразбира:

- Обезбедување на Изведувачот право на пристап на градилиштето;

2) предавање на Изведувачот копија од одобрение за градење;

3) предавање на Изведувачот копија од проектната документација за изведување на работите, во еден примерок.

За воведувањето на Изведувачот во работа, помеѓу Изведувачот и Надзорниот инженер се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

**Член 53**

Нарачувачот е должен пред започнување на работите на изградба на градбата, во писмена форма да го извести Изведувачот за правното лице за вршење на надзор над изградба на градбата со определен Надзорен инженер кој во име на Нарачувачот ќе врши надзор над изградба на градбата.

Нарачувачот е должен пред започнување на работите на изградба на градбата, во писмена форма да го извести Изведувачот за лицето кое е определено од страна на Нарачувачот за координација и соработка помеѓу Нарачувачот, Изведувачот и Надзорниот инженер, како претставник на Нарачувачот.

**Член 54**

Нарачувачот е должен да даде писмена согласност на Планот за градење со динамика и рокови за изградба на градбата, доставен до Нарачувачот од страна на Изведувачот.

**Член 55**

Нарачувачот е должен во писмена форма да го пријави започнувањето на изградба на градбата до градоначалникот на општината каде ќе се изведуваат работите, градежната инспекција и инспекција на трудот, пред започнувањето на изградба на градбата.

Во известувањето од ставот 1 на овој член Нарачувачот е должен да ги наведе изведувачот и правното лице за вршење на надзор над изградба на градбата со определен Надзорен инженер. Доколку во текот на градењето се промени изведувачот или правното лице за вршење на надзор, односно определениот Надзорен инженер, Нарачувачот е должен во рок од 7 дена од настанатата промена во писмена форма да ги извести градоначалникот на општината каде ќе се изведуваат работите, градежната инспекција и инспекција на трудот за настанатата промена.

**Член 56**

Нарачувачот е должен да постапи по барањето на Изведувачот, со кое бара објаснение за недоволно јасните детали од проектната документација и во примерен рок, во писмена форма да му го даде бараното објаснение од проектната документација.

**Член 57**

Нарачувачот е должен по приемот на известувањето од членот 77 на овој Договор, да организира вршење на технички преглед на градбата.

## XI. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 58**

Не се предвидува корекција на единичните цени, односно единичните цени искажани во понудата (кои се резултат од негативното наддавање во текот на електронската аукција како постигнати најниски цени) ќе бидат фиксни и непроменливи по било кој основ за целото времетраење на договорот.

## XII. УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 59**

Изведувачот е должен, согласно правилата на струката, да ја испита правилноста на техничките решенија во проектната документација и да го предупреди Нарачувачот за грешките што ќе ги забележи.

Изведувачот е должен во текот на изградба на градбата да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет согласно доставените атестите за квалитет на вградените материјали и опрема, прифатената понуда и тендерската документација, кои се составен дел на овој Договор.

Изведувачот е должен на барање на Надзорниот инженер или Нарачувачот да изврши соодветно испитување на материјалот и опремата.

Трошоците за испитување на материјалите и опремата ги поднесува Изведувачот.

**Член 60**

Изведувачот е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет, предвидени со проектната документација и прифатената понуда и тендерската документација, кои се составен дел на овој Договор.

**Член 61**

Ако Изведувачот не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Нарачувачот има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бара промена на материјалите или употреба на материјалите и опремата од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на градбата, животите на луѓето или на соседните објекти, Нарачувачот има право да бара Изведувачот да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

**Член 62**

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Нарачувачот и Надзорниот инженер.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опремата се врши при примопредавањето на изведените работи.

Ако контролата на Нарачувачот бара откривање на одделни работи или просечување на отвори, Изведувачот е должен да го овозможи тоа.

Трошоците на контролата ги поднесува Нарачувачот. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба во која се наоѓале пред извршената контрола.

По исклучок од став 4 на овој член, трошоците на контролата ги поднесува Изведувачот ако не му овозможи на Нарачувачот на време да ја изврши контролата на изведените работи и на употребените матаријали и опрема, па поради тоа при подоцнежната контрола настанале трошоци што инаку би ги немало.

**Член 63**

Сите наоди на контролата на Нарачувачот или Надзорниот инженер за квалитетот на употребените материјали и опремата и на изведените работи се запишуваат во градежниот дневник.

**Член 64**

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основното барање на Нарачувачот и не ги отстрани недостатоците на изведените работи утврдени од страна на Надзорниот инженер, Нарачувачот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведени работи и поради раскинување на договорот.

**Член 65**

Изведувачот го гарантира квалитетот на работите и квалитетот на вградените материјали и опремата во согласност со договорениот квалитет.

## XIII. НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 66**

Нарачувачот има право да врши надзор над изградба на градбата на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, материјалите и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор над изградба на градбата, Нарачувачот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на мартеријалите и опремата.

Надзор над изградба на градбата во име на Нарачувачот ќе врши правното лице за вршење на надзор над изградба на градбата што ќе го определи Нарачувачот.

Надзор над изградба на градбата ќе врши Надзорен инженер, кој ќе биде определен од страна на правното лице за вршење на надзор.

**Член 67**

Изведувачот е должен да му овозможи на Нарачувачот постојан надзор над изградба на градбата.

**Член 68**

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал и опремата или на текот на изведувањето на работите Нарачувачот е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот.

Сите забелешки и наоди од Нарачувачот се соопштуваат во писмена форма и се запишуваат во градежниот дневник.

**Член 69**

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од Нарачувачот поднесени во врска со вршењето на надзор над изградба на градбата.

## XIV. УСЛОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НЕПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ И ВИШОЦИ НА РАБОТИТЕ

**Член 70**

Изведувачот е должен да ги изведе договорените работи на начин и во роковите определени со овој Договор.

Како договорени работи во смисла на став 1 на овој член се сметаат и непредвидени и ишоците на работите кои ќе се јават во текот на изведувањето на работите.

**Член 71**

Изведувачот е должен да ги изведе непредвидените и вишоците на работите кои ќе се јават во текот на изведувањето на работите.

Непредвидени работи се оние работи што со договорот воопшто не се опфатени, а кои мора да се изведат.

Дополнителни работи се оние работи што не се договорени, а договорниот орган бара да се изведат.

Вишоци на работите се количества на изведени работи што ги преминуваат договорените количества на работите.

**Член 72**

Изведувачот е должен по писмен налог од Нарачувачот да ги изведе непредвидените работи.

По исклучок од став 1 на овој член, Изведувачот може и без претходен налог од Нарачувачот да ги изведе непредвидените работи што се нужни за обезбедување на стабилноста на градбата, правилниот тек на работите и нормалното користење на изградената градба, или за спречување настанување на штета, ако поради итноста или други оправдани причини нема можност за тие работи претходно да обезбеди налог од Нарачувачот.

При тоа Изведувачот само во случаите наведени во став 2 на овој член може да отстапи од проектната документација врз основа на која ги изведува работите. Во тој случај Изведувачот е должен без одлагање да го извести Нарачувачот за непредвидените работи што ги извел или нивното изведување е во тек и за причините што ги предизвикале непредвидените работи.

**Член 73**

Нарачувачот е должен изведувањето на дополнителните работи пред отстапување на трето лице да му го понуди на Изведувачот.

Изведувачот може изведувањето на дополнителните работи да го прифати или одбие.

Како дополнителни работи во смисла на став 1 на овој член се оние работи што не се договорени и не се нужни за исполнувањето на овој Договор, а Нарачувачот бара да се изведат.

**Член 74**

За секое отстапување од договорените работи, Изведувачот мора да има писмен налог од Нарачувачот.

Изведувачот нема право да бара зголемување на договорената вредност на работите од член 2 на овој договор.

## XV. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

**Член 75**

Изведувачот може изведувањето на одделни договорени работи да му го отстапи на трето лице (Подизведувач).

**Член 76**

Отстапувањето на работите на трето лице (Подизведувач) нема влијание врз правните односи и меѓусебните права и обврски на Нарачувачот и Изведувачот.

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за Нарачувачот и за Изведувачот доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од Законот за јавните набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,
- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, Нарачувачот бара од Изведувачот да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата/времената ситуација од страна на Нарачувачот на Изведувачот.

## XVI. ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ГРАДБАТА

**Член 77**

Изведувачот е должен по завршување на работите на изградба на градбата во писмена форма да го извести Нарачувачот дека работите што се предмет на овој Договор се завршени.

**Член 78**

Нарачувачот е должен најдоцна во рок од 3 работни дена од денот на приемот на писменото известување од членот 77 на овој Договор, во писмена форма да ги извести (Надзорниот инженер) и Изведувачот, како и Единицата на локалната самоуправа (Општината) или институцијата која се појавува како инвеститор во одобрението за градење, за денот и часот за вршење на технички преглед на градбата.

**Член 79**

Техничкиот преглед на градбата го врши Надзорниот инженер за што изготвува во писмена форма завршен извештај за извршен технички преглед на градбата.

Техничкиот преглед на градбата се врши во присуство на претставникот на Нарачувачот, претставникот на Изведувачот, Инженерот за изведба и претставникот на Единицата на локалната самоуправа (Општината) каде се реализира градбата.

Во извештајот за извршен технички преглед на градбата, Надзорниот инженер констатира дали градбата е изградена согласно основниот проект или проектот за изведена состојба и одобрението за градење, дали градбата може да се употребува за предвидената намена, дали има одредени недостатоци кои мора да бидат отстранети и дали има одредени недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита поради кои градбата не може да се стави во употреба.

**Член 80**

Доколку во Извештајот за извршен технички преглед на градбата се констатирани одредени недостатоци кои мора да бидат отстранети, Изведувачот е должен на свој трошок да постапи по забелешките утврдени во извештајот и да ги отстрани сите недостатоците кои се утврдени при техничкиот преглед на градбата во определениот рок.

**Член 81**

Ако Изведувачот не ги отстрани во примерен рок сите недостатоците кои се утврдени при техничкиот преглед на градбата, Нарачувачот може, врз товар на Изведувачот отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице. При тоа Нарачувачот е должен да постапува како добар стопанственик.

## XVII. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

**Член 82**

По извршениот технички преглед на градбата, односно по изготвен Извештај за технички преглед на градбата од страна на Надзорниот инженер, во кој се констатира дека градбата може да се употребува за предвидената намена, Изведувачот и Нарачувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање на изведена градба како градежен објект и изготвување на конечна пресметка.

**Член 83**

За примопредавањето на изведена градба како градежен објект се составува записник кој содржи особено следните податоци:

1) Дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на струката;

2) Дали квалитетот на изведените работи и вградените метеријали и опремата му одговара на договорениот квалитет, согласно прифатената понуда;

3) Констатација за примопредавањето на гарантните листови и атестите за квалитет на вградените материјали и опремата и

4) Датум на завршувањето на работите, датум на извршен технички преглед на градбата и датум на извршеното примопредавање на изведена градба како градежен објект.

**Член 84**

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договарач без учество на другиот ако другиот договарач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одозве на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач.

## XVIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 85**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## XIX. ВИША СИЛА

**Член 86**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранувањето на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XX. ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 87**

Изведувачот е должен да ги осигура од несреќен случај или повреда сите лица кои ќе бидат ангажирани во изведување на работите.

**Член 88**

Изведувачот е должен пред отпочнување со работа, да ги осигура на свој трошок работите од член 2 на овој Договор, како и материјалите и опремата кои треба да ги вгради од вообичаени ризици до нивната полна вредност во се спрема прописите што важат за таков вид на осигурување.

Вообичаените ризици од став 1 на овој член се определуваат според сите околности на конкретниот случај што се од влијание, а особено според видот на работите, местото на кое се изведуваат работите, видот и својствата на материјалите и опремата што се вградува.

Премијата на осигурувањето ја плаќа Изведувачот.

Осигурувањето на работите мора да биде така што Нарачувачот и Изведувачот се осигуруваат во случај да настане штета, од отпочнувањето до конечното предавање на изведените работи.

Изведувачот е должен полисите да ги достави на увид на Нарачувачот.

## XXI. ГАРАНЦИИ, ГАРАНТЕН РОК И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

**Член 89**

Изведувачот е должен на Нарачувачот да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банка прифатлива за договорниот орган, во износ од **10 %** од вредноста на договорот со вклучен ДДВ, со која се обврзува дека квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите од член 2 на овој Договор.

Изведувачот е должен најдоцна во рок од 10 работни дена од денот на потпишување на овој договор да ја достави банкарска гаранција од став 1 на овој член, неотповиклива, непренослива и наплатива безусловно на прв писмен повик, со рок на важност до целосно реализирање на договорот.

Доколку Изведувачот не ја достави банкарската гаранција, од став 1 на овој член, во предвидениот рок, договорот ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

**Член 90**

Нарачувачот ќе пристапи кон наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, во следните случаи:

- Ако Изведувачот не го почитува договорениот рок за изведување на работите;
- Ако дојде до несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики при изведување на работите, кои се утврдени од страна на Надзорниот инженер, а кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема по вина на Изведувачот;
- Ако Изведувачот не се придржува кон договорениот квалитет на работите и квалитетот на вградените материјали и опремата;
- Ако Изведувачот во примерен рок не ги отстрани сите недостатоците кои се утврдени при техничкиот преглед на градбата;
- Ако Изведувачот не исполни некоја од обврските од договорот;
- Во случај на раскинување на договорот по вина на Изведувачот и
- Ако Изведувачот не обезбеди гаранција за гарантен рок.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на договорот, му се враќа на Изведувачот во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на Договорот и откако Изведувачот ќе достави до Нарачувачот банкарска гаранција за гарантен рок.

**Член 91**

Гарантен рок на изведени работи износува 2 (две) години и започнува да тече од денот на добиениот завршен извештај од Надзорниот инженер за извршен технички преглед односно со записничкото констатирање дека градбата може да се даде во употреба.

Изведувачот доставува банкарска гаранција во висина од 3% (три проценти) од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ до истекот на гарантниот рок.

Изведувачот ја дава оваа гаранција за квалитетот на изведените работи и квалитетот на вградените материјали во кој рок се обврзува да ги отстрани сите евентуални недостатоци кои ќе се појават како последица од неквалитетно изведување на работите и вградениот неквалитетен материјал и другите недостатоци кои ќе се појават по вина на Изведувачот.

За опремата, уредите и апаратите, важат гарантните листови од Производителите, од денот на инвентарскиот прием на објектот. Овие гарантни листови ги обезбедува Изведувачот.

Изведувачот е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок.

Отстранувањето на недостатоците на вградените материјали го организира Изведувачот до истекот на гарантниот рок, под закана за активирање на банкарската гаранција од став 2 од овој член.

За недостатоците што ќе се отстранат, гарантниот рок започнува повторно да тече, од нивното отстранување.

Изведувачот нема обврска да ги отстранува недостатоците за (квалитетот на изведените работи и квалитетот на вградените материјали) кои се појавиле во гарантниот период -рок доколку се утврди дека недостатоците произлегуваат од тековно и насилно користење на објектот како и настапување на виша сила.

**Член 92**

Изведувачот има обврска да оформи сервис за отстранување на недостатоците во гарантниот рок.

Нарачателот ќе му определи на Изведувачот примерен рок од 15 (петнаесет) дена за отстранување на недостатокот кој се појавил во текот на изведбата на објектот.

Во колку Изведувачот во рок од 5 (пет) работни дена не се јави на поканата да ги отстрани недостатоците определени во овој договор или во погоре определениот рок не ги отстрани и недостатоците настанати во гарантниот рок, Нарачателот има право отстранувањето на недостатоците, застоите и дефектите да го довери на друг Изведувач, за што писмено ќе го извести Изведувачот.

Трошоците што ќе произлезат паѓаат на товар на Изведувачот.

Нарачателот има право на надомест на штета по основ на овој член.

**Член 93**

За недостатоците во изработката на градежот што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие би се покажале во рок од 10 (десет) години од предавањето и приемот на работите одговара Изведувачот.

Одредбите на овој член се применуваат и на Проектантот ако недостатокот на градежот произлегува од некој недостаток во проектот.

Одредбите на овој член се применуваат и за лицето кое вршело надзор ако недостатокот на градеж или земјиштето произлегува од некој недостаток во спроведувањето на надзорот.

Субјектите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се одговорни не само пред нарачателот, туку и пред секој друг стекнувач на градеж.

Оваа нивна одговорност не може со Договорот ниту да се исклучи, ниту да се ограничи по ниту еден основ.

**Член 94**

Изведувачот може да се ослободи од одговорноста ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето на определени работи постапувал согласно барањата и напатствијата на Нарачателот.

Доколку пред извршувањето на определена работа, по барање на Нарачателот, Изведувачот го предупредил овој за опасноста од штета, неговата одговорност се намалува, во зависност од околностите на конкретниот случај може и да се исклучи.

Кога за штетата се одговорни Изведувачот и Проектантот на основниот проект, одговорноста на секој од нив се определува пропорционално на големината на нивната вина.

**Член 95**

Нарачувачот ќе пристапи кон наплата на гаранцијата за гарантен рок, ако Изведувачот:

- Не се јави на повикот на договорниот орган за отстранување на сите недостатоци кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои се појавиле по вина на Изведувачот во гарантен рок и
- Во примерен рок не ги отстрани сите недостатоци кои се појавиле како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои се појавеле по вина на Изведувачот во гарантен рок.

Гаранцијата за гарантен рок му се враќа на Изведувачот во рок од 14 дена по истекот на гарантниот рок.

## XXII. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 96**

Изведувачот одговара и за недостатоците на земјиштето на кое е подигната градбата, што би се покажале за време од 10 (десет) години од предавањето и приемот на работите, освен ако специјализирана организација дала стручно мислење дека земјиштето е погодно за градење, а во текот на градењето не се појавиле околности кои ја доведуваат во сомневање основаноста на стручното мислење.

Истото важи и за Проектантот ако недостатокот на градбата произлегува од некој недостаток во проектот.

Оваа нивна одговорност не може со договорот ниту да се исклучи, ниту да се ограничи.

**Член 97**

Нарачувачот е должен за недостатоците да ги извести Изведувачот и Проектантот во рок од 6 (шест) месеци од кога го установил недостатокот, инаку го губи правото да се повика на него.

Правото на Нарачувачот спрема Изведувачот, односно Проектантот врз основа на нивната одговорност за недостатоците престанува за 1 (една) година, сметајќи од денот на кога Нарачувачот, односно стекнувачот го известил Проектантот односно Изведувачот за недостатокот.

**Член 98**

Изведувачот не се ослободува од одговорноста ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето на определени работи постапувал според барањата на Нарачувачот.

Но, ако пред извршувањето на определена работа по барање на Нарачувачот го предупредил овој за опасноста од штета, неговата одговорност се намалува, а според околностите на конкретниот случај може и да се исклучи.

**Член 99**

Кога за штетата се одговорни Изведувачот и Проектантот, одговорноста на секој од нив се определува според големината на неговата вина.

Правното лице на кого му е доверено вршење на надзор над изградба на градбата, одговара и за недостатоците во извршените работи настанати по вина на Изведувачот ако можел да ги забележи со нормално и разумно надгледување на работите, но има право да бара од Изведувачот соодветен надомест.

Изведувачот што ја надоместил штетата настаната поради недостаток во извршените работи, има право да бара надомест од Проектантот во мерка во која недостатоците во извршените работи произлегуваат од недостатоците во проектот.

Кога за недостатокот е одговорно лице на кое Изведувачот му доверил извршување на еден дел од работата, Изведувачот ако сака од него да бара надомест, мора да го извести за постоење на недостатокот во рок од 2 (два) месеца, сметајќи од денот кога тој самиот е известен од Нарачувачот за истиот недостаток.

**<u>XXIII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ</u>**

**Член 100**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата настаната поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзиното доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

**Член 101**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околностите настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 102**

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање на заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос над договорните страни.

**Член 103**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обрвската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 104**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

**<u>XXIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ</u>**

**Член 105**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 106**

Доколку не се постигне обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава Основниот Суд Скопје II во Скопје.

**XXV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 107**

Кога Изведувачот не го следи планот со динамика и роковите за изградба на градбата или работите ги изведува неквалитетно, односно не се создадени услови за квалитетно извршување на работите (неисправна или несоодветна механизација, нестручно и несовесно изведување на работите, непочитување на договорната документација и др.), Нарачувачот има право еднострано да го раскине договорот.

Во тој случај на Изведувачот ќе му бидат исплатени само извршените работи согласно градежната книга потпишана од Надзорниот инженер и овластено лице на Нарачувачот.

Нарачувачот го раскинува договорот за јавна набавка за време на важноста доколку:

а) договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;

б) изведувачот се наоѓал во една од ситуациите поради кои Нарачувачот морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката или

в) договорот не требало да му се додели на Изведувачот поради сериозни повреди на овој закон кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

Ако дојде до раскинување на договорот заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, Нарачувачот може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**Член 108**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 109**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да и остави дополнителен примерен рок од 7 работни дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска ни во дополнителниот рок од 7 работни дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок, при што има право на надомест на штета.

**Член 110**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штета.

**Член 111**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата договорна страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 112**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна со приложување на писмена изјава за раскин на договорот.

Договорот ќе се смета за раскинат по приемот на писменото известување од ставот 1 на овој член.

**Член 113**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 114**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**XXVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 115**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на договорните страни.

**Член 116**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките законски прописи во Република Македонија.

**Член 117**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните стани по писмен пат.

Договорот може да се изменува и дополнува со Анекс-Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Договорот може да се менува само во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и тендерската документација и Законот за облигациони односи.

**Член 118**

Ниту една од договорните страни нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 119**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4 (четири) за Нарачувачот и 2 (два) за Изведувачот.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ :***

| | |
|---|---|
| ***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР- ИЗВЕДУВАЧ*** | ***ДОГОВОРЕН ОРГАН- НАРАЧАТЕЛ***<br>***АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ***<br>***ДИРЕКТОР***<br>________________________<br>***ДАРКО КАЕВСКИ*** |

**Прилог 2 - Понуда и Обрасци на Понуда**

Врз основа на огласот објавен од страна на Агенцијата за млади и спорт, за доделување на договор за јавна набавка на работи за изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија со спроведување на отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), и на тендерската документација која ја презедовме преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**IV.1 ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧОТ**

1. Име на понудувачот: ________________________________________

2. ЕМБС: ________________________________________

3. Одговорно лице на понудувачот: ________________________________________

4. Контакт информации:

- адреса: ________________________________________
- телефон: ________________________________________
- факс: ________________________________________
- е-пошта: ________________________________________
- лице за контакт: ________________________________________

IV.1.2. Одговорно лице: ________________________________________

IV.1.3. Даночен број: ________________________________________

IV.1.4.Жиро Сметка бр.________________________депонент во ________________________ Банка АД Скопје.

**IV.2 ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

IV.2.1. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка на работи за изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија според барањата од техничките спецификации и тендерската документација.

**IV.3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА**
**IV.3.1. Финансиска понуда**
IV.3.2. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува ________________________________________________________ [со бројки]

(__________________________________________________________) [со букви] денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува ____________________________________.

| ДЕЛ/ДЕЛОВИ | | Вкупна цена (без ДДВ) | Износ на ДДВ | Вкупна цена (со ДДВ) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на пливачки базен во општина Ѓорче Петров и Кисела Вода | | | |
| 2. | Изградба на пливачки базен во општина Штип | | | |
| 3. | Изградба на пливачки базен во општина Битола | | | |
| 4. | Изградба на пливачки базен во општина Тетово | | | |
| 5. | Изградба на пливачки базен во општина Кичево | | | |
| **Вкупна цена без ДДВ** | | | | |

Гарантниот рок на изведени работи изнесува 2 ( две ) години и започнува да тече од денот на добиениот завршен извештај од Надзорниот инженер за извршен технички преглед односно со записничкото констатирање дека градбата може да се даде во употреба.

Нашата понуда е со важност од 180 (сто и осумдесет) дена сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди, согласно со периодот предвиден во тендерската документација.

Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во потточка 7.1 од тендерската документација.

Во прилог на оваа понуда ја доставуваме следнава документација:

- пополнет образец на понуда составен од општиот дел и (предмер на работи);
- пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува),
- пополенет образец на листа на завршени работи
- документи дека не постојат причини за исклучување согласно член 88 од Законот за јавните набавки односно точка 2.2.5 од тендерската документација;
- документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.4 од тендерската документација и ( Лиценца Б за изведување на градби од втора категорија согласно Законот за Градење);
- докази за утврдување на економската и финансиската способност наведени во точка 2.5 односно подточка 2.5.3 од тендерската документација
- докази за утврдување на техничката или професионалната способност наведени во точка 2.6 односно подточка 2.6.2 од тендерската документација;
- докази за утврдување на стандард за систем на квалитет и стандарди за животна средина наведени во точка 2.7 односно потточка 2.7.2 од тендерската документација
- писмено овластување за претставникот на групата економски оператори (само за група на економски оператори),
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори),
- изјава за сериозност

- парафиран (електронски потпишан) модел на договор,

Како одговор на Вашата покана за доставување на понуда за горенаведениот предмет на Договор, ние, долупотпишаните, **изјавуваме дека**:

Ја прегледавме и во целост ја прифаќаме содржината на тендерската документација за набавка на работи – за реазлизација на проект за „изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија“ и ги прифакаме сите одредби, без оградувања или ограничувања.

Ви нудиме да ги обезбедиме, во согласност со барањата на тендерската документација и поставените услови и временски рамки, без оградувања или ограничувања, следниве работи - изградба на 6 (шест) пливачки базени во Република Северна Македонија.

Доколку биде прифатена нашата понуда, се обврзуваме да обезбедиме гаранција за квалитетно и навремено извршување на обврските на Договорот, во согласност со барањата од Тендерската документација.

Потврдуваме дека не учествуваме на истата тендерска постапка во некоја друга форма.

Согласни сме Вашите ополномоштени претставници, да ги превземат сите испитувања или истражувања за проверка на изјавите, документите и информациите поднесени во врска со оваа Понуда, како и да побарате појаснување од нашите банки и клиенти во поглед на сите финансиски и технички аспекти. Исто така, оваа Понуда ќе ни послужи како овластување на секој самостоен или ополномоштен претставник од која било институција наведена во придружните информации, за да се обезбедат такви информации кои се сметаат за неопходни и како што е побарано од ваша страна да се верификуваат информациите дадени во оваа Понуда.

Со поднесувањето на оваа понуда, изјавуваме дека во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки. Доколку во било која фаза од имплементацијата на договорот дојде до одредени околности кои ќе придонесат одредени промени, веднаш ќе го известиме Договорниот орган. Исто така прифаќаме дека секоја неточна и некомплетна информација која е поднесена од наша страна со оваа Понуда може да доведе до поништување на договорот.

За дополнителни писмени информации спремни сме за целосна соработка.

**Оваа Понуда и Вашето писмено прифаќање ќе претставаат основа за обврзувачки Договор помеѓу нас.**

Со ова потврдуваме дека оваа Понуда е се важност и е придружена со Изјава за сериозност како што се бара со Тендерската документација и како што е означено во Податоците за Понудата.

___________________________ _________________________

Место и датум (Одговорно лице на понудувачот)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

**Прилог 3 - Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ___________________________________ [име и презиме] врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_______________________________ ___________________________________ изјавувам дека нема да ги преземам дејствијата од став 6 на член 101 од Законот за јавните набавки во постапката која се спроведува по огласот за доделување на договор за јавна набавка број ___________ за набавка на ______________________ објавен од страна на ______________________ и дека понудата е правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Место и датум                                                  Овластено лице

________________                                              ______________________

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 4 – Образец на листа на доверливи информации**

| | Бројот на страниците со тие информации | Причини за доверливост на тие информации | Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи |
|---|---|---|---|

| Информации кои се доверливи | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Прилог 5 – Образец на референтна листа**

**ЛИСТА НА РАБОТИ ИЗВРШЕНИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 5 (ПЕТ) ГОДИНИ**

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

| Ред. бр. | Датум на склучениот договор | Вредност на договорот | Институција/ Правно лице со кој е склучен договорот | Предмет на договорот/извршени работи | Архивски број и датум на потврдата за квалитетно и навремено извршена услуга |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

**Податоците се точни и веродостојни**

**Напомена:**

**1. Образецот се пополнува согласно минималниот услов од точка 2.6. поддточка 2.6.2 алинеја 1 од тендерската документација.**

**2. Доколку понудувачот достави сопствена изработена листа истата ќе биде предмет на евалуација само доколку ги содржи сите елементи од образецот на референтната листа (Прилог 6).**

**3. Договорниот орган има право да ја провери веродостојноста на дадените податоци.**

**4. Понудувачот го пополнува и електронски го потпишува исклучиво овој образец. Образецот може да се пополни онолку пати колку е потребно.**

**5. Понудувачот потребно е да достави најмалку 3 (три) потврди за квалитетно и навремено завршени работи во последните 5 (пет) години, издадени од институции и правни лица кои се наведени во листата, а со кои се докажува исполнувањето на минималниот услов.**

Место и датум ___________________

Одговорно лице

___________________

(потпис)*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*